# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 5 07 Март 2023 година примерокот е бесплатен
www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина Вонредна седница

**Дневен ред за вонредна седница на Советот на општина Василево**

1. Предлог – Одлука за сопствено учество на Општина Василево во проектот за партнерно уредување на училишниот двор во ООУ „Гоце Делчев” ПУ с.Ангелци.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за сопствено учество на Општина Василево во проектот за партнерно уредување на училишниот двор во ООУ „Гоце Делчев” ПУ с.Ангелци**

Се објавува Одлуката за сопствено учество на Општина Василево во проектот за партнерно уредување на училишниот двор во ООУ „Гоце Делчев” ПУ с.Ангелци, донесена на седница на Советот на Општина Василево.

08-358/1 Општина Василево
07.03.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на Општина Василево на седницата ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за сопствено учество на Општина Василево во проектот за партнерно уредување на училишниот двор во ООУ „Гоце Делчев” ПУ с.Ангелци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Василево во проектот за партнерно уредување на училишниот двор во ООУ „Гоце Делчев” ПУ с.Ангелци.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за партнерно уредување на училишниот двор во ООУ „Гоце Делчев” ПУ с.Ангелци, сопственото учество на општина Василево е 21% од вкупната вредност на проектот, а остатокот од средствата ќе бидат побарани од Министерството за локална самоуправа врз основа на Јавен повик за финансирање на Предлог – проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2023 година.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Василево за 2023 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во ‘’Службен Гласник на Општина Василево ‘’.

08-358/1 Совет на Општина
07.03.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---